**20151474164**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИНСПЕКЦИЈАТА НА ТРУД

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за инспекцијата на труд,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 24 август 2015 година.

Бр. 08-3702/1
24 август 2015 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИНСПЕКЦИЈАТА НА ТРУД

Член 1

Во Законот за инспекцијата на труд („Службен весник на Република Македонија” број 35/97, 29/2002, 36/11, 164/13, 44/14 и 33/15) во член 19 во ставот 2 зборовите : „Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.” се заменуваат со зборовите: „Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочна постапка.“

Член 2

Во членот 22 став 1 во воведната реченица зборовите: „ 3.000 до” се бришат.

Ставот 2 се менува и гласи:

„Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за работодавачот ќе му се изрече за прекршокот од ставот 1 на овој член на одговорното лице кај работодавачот.

Во ставот 3 зборовите: „1.000 до 2.000” се заменуваат со зборовите: „400 до 600.”

Ставот 4 се менува и гласи :

„За прекршокот од став 1 на овој член, на одговорното лице кај работодавачот ќе му се изрече и мерка забрана на вршење на професија, дејност или должност од најмалку три дена до најмногу 30 дена. Забраната на вршење на професија, дејност или должност може да се замени со паричен надоместок, само во случај кога прекршокот е сторен за прв пат. Паричниот надоместок претставува двоен износ од износот на одмерената глоба, кој сторителот е должен да го плати во рок од три дена од денот кога му е определен во решението."

Член 3

По членот 22 се додаваат два нови члена 22-а и 22 –б кои гласат:

„Член 22- а

Одмерувањето на висината на глобата за правното лице се врши согласно Законот за прекршоците.

Член 22 –б

За прекршоците од членот 22 од овој закон, прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува надлежниот суд."

Член 4

Се овластува Законодавно - правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за инспекцијата на труд.

Член 5

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.